ПРОИЗВОДСТВО НА МАЛОГРАЃАНСКА РАДОСТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Лилјана НЕДЕЛКОВСКА,
историчар на уметност

„Мајсторот се познава по своите граници“, напишал Гете. Тоа значи способност да се воспостави рамнотежа, способност да се знае кога е нешто премногу, а кога премалку. Но, како да процениме дали е нешто премногу или премалку? И како да знаеме да процениме дали е нешто вредно или не е? Социологот Пјер Бурдије смета дека и покрај тоа што може да ни се чини дека искуствата на уметноста и вредностите што произлегуваат од тоа искуство подеднакво им се достапни на сите луѓе и дека добриот вкус е вроден. Сепак, естетското искуство, според него, е нешто што се учи, тоа е наследна привилегија посредувана со институциите на семејството и училиштето. На овој став можеме да се надоврземе и да кажеме дека со учењето всушност се стекнува знаење. Но, дали е така? Дали учењето автоматски значи и стекнување на знаење? Дали можеби учењето во себе не го содржи и ризикот на заглупување, или, како што вели Петер Слотердајк, ризикот да се учи во празно? Повикувајќи се на слоганот на социјалдемократите од крајот на 19 век „Знаењето е моќ“, Слотердајк укажува како еден погрешен приод ќе има сериозни последици по знаењето. Според него, овој слоган стави точка на традицијата на знаењето - љубов за вистината и вистина на љубовта - и доведе до производство на малограѓанска радост на образованието. Денеска е повеќе од очигледно дека не се учи за да се стекне знаење кое ќе нè поттикне да мислиме и ќе ни помогне да ги решаваме проблемите што сè повеќе се множат и зголемуваат околу нас (во нашето знаење го нема веќе полетот и екстазата на разбирањето и на вистината), туку се учи практично за моќ, за стекнување позиција и статус во општеството.

Наместо место на национални вредности, културен конфликт

Слоганот „Знаењето е сила, знаењето е моќ“, како дел од рекламната кампања на македонската влада, го прокламира токму овој практичен рецепт за стекнување на знаење. Како дел од оваа кампања се реализира и проектот Скопје 2014. Спомениците, што во градското јадро никнуваат како печурки после дожд, се дело на главно непознати млади луѓе со стекнато формално образование, како и на неколку професори. Овие „образовани“ луѓе со една неверојатна леснотија ја овоплотија суштината на рекламниот слоган, покажувајќи како функционира знаењето кога е поврзано со силата, со моќта: отсуство на мерка, вкус, непочитување на амбиентот, целосна противречност нè само со просторот во кој се поставени нивните скулптурите , туку и со времето во кое тие се создадени, и што е најважно, покажуваат елементарно неразбирање за функцијата на јавниот споменик. Единствената функција на овие нови споменици е да ја исполнат „образовната“ визија на нарачителот: да нè научат како да ја почитуваме сопствената историја, како да ги обожуваме историските личности, независно дали се тоа просветители, борци, комити, цареви, освојувачи, атентатори или лавови. Тие се тука за да создадат заедничко место околу кое ќе се развие и зацврсти заедничкиот национален идентитет, но и да пружат чувство на траење и моќ. Но, и во реализацијата на оваа функција тие потфрлија: наместо да бидат место на национални вредности и интереси, тие станаа место на културен конфликт.

Наместо скепса, монументализација на идеалите

Високите уметнички вредности на некои од добро познатите јавни споменици во Скопје, како што е споменикот на Иван Мирковиќ *Ослободителите на Скопје* пред Влада на Р. Македонија, или споменикот на Петар Хаџи Бошков *Св. Климент Охридски* пред Националната библиотека, или *Меморијалниот комплекс* во Бутел на Душан Пецоски и Јордан Грабул, сведочат за едно друго време кога се имаше повеќе слух и знаење за она што значи квалитет, вредност, мерка, за она што е достојно да го одбележи јавниот простор и градот. Но, тоа беше едно друго време, време на еден режим кој имаше потреба од херојски, самоидеализирачки споменици, режим кој своите идеали сакаше да ги монументализира и да ги направи бесмртни. Иронијата е во тоа што ова наше постсоцијалистичко општество, наместо да покаже скептицизам кон секаков вид на потреба за монументализирање, идеализирање и митологизирање, всушност оваа потреба уште повеќе ја зацврсти и ја издигна до неверојатни и зачудувачки размери.